# Извештај за транспарентност

За извештајна година 2025

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

31 март 2026

# Содржина


Содржина ... 2

1. Правна структура и сопственост ... 3

1.1. Структура ... 3

1.2. Тим на вработени ... 3

1.3. Опис на сопственичка структура ... 3

1.4. Приоритетна дејност ... 3

1.5. Подружници ... 4

1.6. Годишно осигурување ... 4

2. Професионална мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата ... 4

3. Управувачка структура ... 4

4. Систем на контрола на квалитетот и изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на функционирањето на овој систем (Прилог 1) ... 5

5. Проверка за уверување во квалитетот на ревизорот ... 6

6. Листа на комитенти кај кои РСМ Македонија изврши ревизорски услуги во 2025 година: ... 6

7. Процедури за проверка на независноста и Изјава за независното работење на Друштвото (Прилог 2) ... 9

8. Изјава за политиката на Друштвото за КПУ на овластените ревизори и останатите вработени (Прилог 3) ... 9

9. Финансиски информации ... 10

10. Хонорар на овластен ревизор ... 10

Прилог 1 ... 11

Изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на функционирањето на систем на контрола на квалитет ... 11

Прилог 2 ... 12

Изјава за независно работење ... 12

Прилог 3 ... 13

Изјава за политиката на КПУ ... 13

# 1. Правна структура и сопственост

## 1.1. Структура

Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е полноправен член на РСМ мрежата (RSM International), меѓународна мрежа на независни ревизорски друштва. Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е правен следбеник на Друштвото за ревизија ЦЕНСУМ ДООЕЛ Скопје.

Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е регистрирано според позитивната законска регулатива во Скопје, Република Северна Македонија на 06.09.2004 година. Со Решение за издавање на дозвола за работа од Министерството за финансии на РМ, број 07-23047/1 од 21.10.2004 година, друштвото е овластено за вршење на работи на ревизија. Во регистарот на овластени друштва за ревизија при Институтот на овластени ревизори на Р. С. Македонија друштвото се води по регистарски број ДР 021.

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ работи според лиценца за работа за вршење на ревизија издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизија, Лиценца со регистарски број 08, од 02.07.2013 година. По промената на називот на друштвото, лиценца за работа за вршење на ревизија е реиздадена под ист регистарски број 08.

РСМ МАКЕДОНИЈА е регистрирано како друштво со ограничена одговорност од едно лице (ДООЕЛ).

Основач и сопственик на Друштвото е овластениот ревизор Стојан Јорданов.

## 1.2. Тим на вработени

Во Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со состојба на 31.12.2025 има 36 вработени, од кои 24 лица се вработени на неопределено полно работно време, 11 лица се вработени на определено полно работно време, додека 1 лице е вработено на определено скратено време (1 час работно време).

Во моментот на издавањето на Извештајот за транспарентност во Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје вработени се 36 лица, од кои 25 лице се вработени на неопределено полно работно време, 10 лица се вработени на определено полно работно време, додека 1 лице е вработено на определено скратено време (1 час работно време).

Во друштвото со состојба 31.12.2025 се вработени двајца овластени ревизори на неопределено полно работно време:

- Јаглика Јорданова Андријеска,
- Љубица Евтимовска Костовска

така што друштвото е во целосна согласност со барањата за издавање дозвола за работа дефинирани во член 24 од Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021).

## 1.3. Опис на сопственичка структура

Висината на основната главнина при регистрирање на друштвото изнесува 314.200,- МКД.

Основач и сопственик на Друштвото е Стојан Јорданов.

## 1.4. Приоритетна дејност

Приоритетна дејност, односно, главна приходна шифра е:

69.200 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Професионалните дејности ги вклучуваат лиценци од областа на ревизијата, сметководството, процена во 6 области, судски вештачења и регистрационен агент.

## 1.5. Подружници

Друштвото има регистрирано две подружници:

- Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје – Подружница Битола, со седиште на булевар „1-ви Мај“, бр.202, канцеларија бр. 15, Битола;
- Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје – Подружница Тетово, со седиште на ул. „Дервиш Цара“ бр. 5/1-6, 3 кат, Тетово.

## 1.6. Годишно осигурување

Друштвото има склучено осигурување со осигурителна компанија Триглав Осигурување АД Скопје, со број на осигурителна полиса 990000123524 која важи од 01.04.2025 до 01.04.2026 година. Осигурувањето на дејноста ги покрива можните штети нанесени на клиентите односно причинети штети кои што ќе ги предизвикаат на трети лица при обавување на професионална дејност, со осигурителен лимит од 2.000.000 ЕУР.

# 2. Професионална мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата

Друштвото за ревизија РСМ Македонија е член на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија. Овластените ревизори, ангажирани во Друштвото, се членови на Институтот.

РСМ Македонија е членка на мрежата на ревизорски друштва РСМ (RSM International) од 2012 година. Договор за полноправно членство е потпишан на 22 декември 2015 година. РСМ е светска мрежа на независни друштва кои нудат ревизорски, сметководствени, советодавни и даночни услуги.

РСМ, исто така вклучува две други друштва, членки на РСМ Интернационал во Р. С. Македонија: Друштво за услуги РСМ ИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и Адвокат Ива Хот Таулоска Скопје.

Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, поседува сопственички удел во износ од 28% во Друштво за финансиско – услужни дејности ДЕЛОВНО-ТЕХНИЧКИ АКЦЕЛЕРАТОР УКИМ, чија шифра на дејност според НКД е 64.990 - Други финансиско – услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место.

Мрежата има вкупни годишни приходи од 10 милијарди УСД. РСМ Интернационал има претставници во повеќе од 120 земји и истите се во врвните 40 главни бизнис центри во светот. Земјите–членки бројат персонал од околу 65.000 ангажирани лица, во повеќе од 900 канцеларии на 5 континенти. РСМ членките варираат во големина, структура, но се здружени под закрилата на РСМ брендот и делат силен заеднички претприемачки дух и уникатен пристап на сконцентрираност кон клиентот. Членките на РСМ мрежата со гордост ја претставуваат сопствената традиција и култура, како експерти во домашното законодавство и регулатива имаат длабоко познавање на услугите, секторите и економиите во нивните земји. Пред се, компаниите-членки одржуваат високи стандарди и техничка стручност, фокусирајќи се на обезбедување на услуги за клиентите, на највисоко ниво.

Правата и обврските кои произлегуваат за компаниите-членки се дефинирани во Договорот за полноправно членство помеѓу Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и РСМ Интернационал.

# 3. Управувачка структура

РСМ Македонија бележи стабилен раст во работењето. РСМ Македонија обезбедува највисоко ниво на услуги, и претставува друштво кое е кадровски, технички и организационо оспособено за да може квалитетно, стручно и во рок да ја изврши договорената работа.

Во РСМ Македонија управувачкиот тим е следниот:

- Јаглика Јорданова Андријеска, управител

Партнерската структура во РСМ Македонија е следна:

- Јаглика Јорданова Андријеска, управувачки партнер;
- Љубица Евтимовска Костовска, партнер;
- Стефан Николоски, партнер;
- Ива Хот Таулоска, партнер.

## 4. Систем на контрола на квалитетот и изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на функционирањето на овој систем (Прилог 1)

Основа за нашата работа претставуваат Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) и Меѓународен кодекс за етика на професионални сметководители. Особено внимание се обрнува на МСУК 1. Целта на овој Меѓународен стандард за управување со квалитет (МСУК) е ревизорската фирма да воспостави, имплементира и одржува систем за управување со квалитет кој обезбедува разумно уверување дека фирмата и нејзиниот персонал постапуваат во согласност со професионалните стандарди и важечките законски и регулаторни барања, и дека извештаите издадени од фирмата или партнерите на ангажман се соодветни во дадените околности.

Како дел од мерките кои се преземаат за исполнување на етичките принципи е и имплементација на Кодексот за етика и независност на меѓународната мрежа РСМ Интернационал.

Во однос на заштитата и безбедноста на податоци освен примената на современа технолошка заштита на овој вид на податоци, преземени се и сите мерки за почитување и примена на Законот за заштита на личните податоци во секојдневното работење, при што се почитуваат и применуваат одредбите, правилниците и сите останати барања поставени согласно овој закон.

Во ревизијата на трговските друштва проверуваме дали финансиските извештаи се подготвени и презентирани во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните сметководствени стандарди, издадени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (IASB), како и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните сметководствени стандарди прифатени и објавени во Република Северна Македонија. Во ревизијата на ентитети кои со закон имаат определена друга сметководствена рамка, како на пример Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилник за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа или Законот за сметководство на непрофитни организации, проверуваме и усогласеност на извештаите со така дефинираната рамка.

Компанијата ги следи принципите на независност, точност и сеопфатност. Почитувањето на овие принципи резултира во целосни и објективни извештаи кои обезбедуваат насоки за нашите клиенти во нивното финансиско и сметководствено работење.

Друштвото има усвоено Политики за контрола на квалитет и управување со ризик на РСМ (RSM Quality Assurance and Risk Containment Policies) и Методологија за ревизија на РСМ Интернационал (RSM Orb) во согласност со кои се планираат и спроведуваат ревизии и кои овозможуваат контрола на квалитетот на работата на ревизорските тимови. Подготвената работна документација се контролира од страна на одговорниот партнер на ангажман пред издавањето на извештаите, а истата се архивира во електронска форма и делумно во хартиена форма во просториите и архивата на Друштвото.

При прифаќање и продолжување на ангажманите, согласно со наведените политики, се врши оценка на интегритетот на клиентите. Соодветно на стручноста, способностите и ангажираните лица во друштвото, се определува можност за прифаќање на ангажманите.

Друштвото има политики и процедури во областа на човечките ресурси. Вработувањето на нови лица се врши по строго утврдена постапка преку тестирање и интервјуирање. Секторот за човечки ресурси води процес за оценка на вработените кој што е поврзан со можни унапредувања. На почеток на периодот се определуваат цели кои ги утврдуваат вработениот и надредениот. Преку комуникација, интеракција и заедничка конструктивност, вработениот и надредениот на крајот на периодот вршат евалуација на остварените цели и оценување на вработениот.

Назначување на одговорниот на ангажманот, како и избор на членовите на тимот се врши по анализа на акумулираното искуство и аналитички вештини и способности на лицата. Еден од основните критериуми за избор на овие лица е искуството во специфична стопанска област. Потребата од ангажирање на експерти и

специјалисти е обврска само за специфични ангажмани. Во 2025 година, друштвото ангажира експерти од специфични области согласно потребите.

Ревизорските алатки и техники користени во 2025 година за ревизии на финансиски извештаи за 2024 година се дел од софтверот CaseWare, кој што се користи во мрежата каде што сме членки. Во софтверот е определено и вршење на надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет. Актите на друштвото се усогласени со барањата на нашата мрежа.

Во Политиките за контрола на квалитет и управување со ризик на РСМ (RSM Quality Assurance and Risk Containment Policies), Глава 9 Надзор и проверка, определени се критериумите за селекција на ревизорски ангажмани кои се предмет на внатрешната контрола на квалитет. Во 2025 година, спроведени се петнаесет внатрешни контроли на квалитет (ПККА). Проверувач на контролата на квалитет на ангажманот е партнер кој што не е партнер на ангажманот.

Комплетирање на ревизорската документација се врши во рокови определени со стандарди и правилници. Затворање на досие се врши во рок од 60 дена од издавање на извештајот за ревизија.

Во однос на чувањето на документацијата која што произлегува од спроведената ревизија, истата се чува согласно законската регулатива како и Законот за архивско работење, наложувајќи строги критериуми за чување и работење со документираниот материјал. Документацијата се чува 1 година во нашите простории, а понатаму се архивира во соодветни, овластени архивски центри.

## 5. Проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во 2025 нема спроведено проверка за уверување во квалитетот на Друштвото. Во 2024 година Друштвото беше дел од глобална инспекција на РСМ Интернационал мрежата. Во проверката беа опфатени ангажмани за ревизија (финансиска и ИТ), сметководство и даноци, длабинска анализа и правни услуги. За проверката е издаден извештај и препораки.

## 6. Листа на комитенти кај кои РСМ Македонија изврши ревизорски услуги во 2025 година:

**Законски ревизии:**

1. Друштво за трговија и услуги БТА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино
2. Национално биро за осигурување Скопје
3. Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје
4. Друштво за трговија на големо со месо и производи од месо ПЕРУТНИНА ПТУЈ ДООЕЛ Скопје
5. Осигурително брокерско друштво ГрЕко Интернационал АД Скопје
6. Универзална инвестициона банка АД Скопје
7. Хотелско – угостителско акционерско друштво МАКЕДОНИЈАТУРИСТ Скопје
8. Друштво за трговија и услуги ЕТМТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје
9. Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРЕЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје
10. Друштво за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ОДВ-ЕЛЕКТРИК ДООЕЛ с. Мислешево Струга
11. Централна кооперативна банка АД Скопје
12. Друштво за трговија и услуги ЕПИРОК СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
13. Друштво за трговија и услуги СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје
14. Трговско друштво за трговија, производство и услуги на големо и мало СВИССЛИОН - АГРОПЛОД ДООЕЛ увоз-извоз Ресен

15. Трговско друштво за трговија, производство и услуги на големо и мало ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА СВИССЛИОН ДОО увоз-извоз Скопје
16. Осигурително брокерско друштво ЛЕГРА АД Скопје
17. Друштво за инвестиции, производство, трговија и советодавни услуги БАЛКАН ЕНЕРЏИ ГРУП АД Скопје
18. Друштво за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје
19. Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје
20. Друштво за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје
21. Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје
22. Друштво за производство, трговија и услуги СОЛЕ 24 увоз-извоз ДООЕЛ Скопје
23. Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје
24. Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје
25. Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје
26. Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје
27. Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје
28. Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје
29. Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола
30. Фабрика за опрема и делови ФОД ДООЕЛ- Новаци, АД ЕСМ Скопје
31. Друштво за трговја на мало КОТОН МАГАЗАЏИЛИК ДООЕЛ Скопје
32. Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје
33. Агенција за цивилно воздухопловство
34. Друштвото за трговија и услуги Еуро Табак ДОО Скопје
35. Друштво за трговија, производство и услуги ГРАНД - ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
36. Друштво за производство, трговија, транспорт, градежништво и услуги МЏРОБИН ДОО експорт-импорт с.Здуње Гостивар
37. ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Скопје
38. Друштво за услуги ОЛИВ ЏОБС ДООЕЛ Скопје
39. Друштво за трговија на мало со накит СФ1 КЛИПС ДООЕЛ Скопје
40. Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош
41. АД Медиумска информативна агенција – Скопје во државна сопственост
42. Друштво за трговија на големо и мало МЕБЕЛ ВИ Бранко ДООЕЛ увоз-извоз Виница
43. Друштво за производство на вино РИГО ИМПЕКС ДОО Скопје
44. Друштво за производство, откуп и обработка на тутун, големо и мало МИССИРИАН ДООЕЛ Струмица
45. Друштво за превоз и услуги НАВИКО ШИПИНГ ДОО Скопје
46. Друштво за информатичка технологија ОПЕН ГИ ГРУП ДООЕЛ Скопје
47. Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-извоз Скопје

48. Друштво за трговија и услуги ФЕШН ГРУП АДРИАТИК ДООЕЛ Скопје
49. Друштво за трговија, производство и услуги М.Г.Фешн ДОО увоз-извоз Скопје
50. Друштво за трговија и услуги МГ ПРОПЕРТИ ДОО Скопје
51. Друштво за производство, трговија и услуги КЕНТАУР-ИМПЕКС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
52. Осигурително брокерско друштво СУПЕР БРОКЕР АД Скопје
53. Друштво за производство, трговија и услуги СУПЕР АУТО КОНТРОЛ ДООЕЛ увоз-извоз с. Кучевиште Чучер Сандево
54. Друштво за продукција, маркетинг, дизајн, промет и услуги АРБЕРИА-ДЕСИГН ДООЕЛ експорт-импорт Тетово
55. Друштво за трговија на големо со земјоделски производи ОКИ-ДОКИ ФООДС увоз-извоз ДОО с. Крушеани, Кривогаштани
56. Друштво за производство, трговија и угостителство Специјал – Продукт ДООЕЛ Скопје
57. Друштво за услуги и промет ХИПОКС ДООЕЛ Виница

**Договорни ревизии:**

1. Друштво за трговија и услуги БТА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино
2. Универзална инвестициона банка АД Скопје
3. Подружница ФУТУРЕ ЕНЕРЏИ ТРЕЈДИНГ ЕНД ЕКСЧАЈНЏ ДИНАМИКС во Македонија, Скопје
4. Централна кооперативна банка АД Скопје
5. Друштво за трговија и услуги СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје
6. Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз извоз АГРОПЛОД ДООЕЛ Ресен
7. Друштво за производство, трговија и услуги БРЕЈНЧАЈЛД ПРОДУКЦИЈА ДОО Битола
8. Друштво за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје
9. Друштво за промет и услуги АГРИМАТКО ДООЕЛ с. Марино, Илинден
10. Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје
11. Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово
12. Друштво за трговија и услуги АДРИАТИК ГРУП ДООЕЛ Скопје
13. Друштво за трговија и услуги НПЦ КОНСТРАКШН ДОО Скопје
14. Трговско друштво за градежништво РИВЕР ДЕВЕЛОПМЕНТ ДООЕЛ Скопје
15. Друштво за градежништво, трговија и услуги САД-КОМ ДООЕЛ Скопје
16. Друштво за производство, трговија и услуги ВОЛИС ПРОПЕРТИ ФЛ ДОО Скопје
17. Друштво за производство, трговија и услуги ИНТРАКОМ ДООЕЛ Скопје
18. Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје
19. Здружение на граѓани „Реактор - истражување во акција" – Скопје
20. Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија
21. Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ
22. Здружение за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК – Скопје
23. Здружение Иницијатива за Економски Развој на Ромите РЕДИ Скопје
24. Комора на стечајни управници на Република Македонија
25. Друштво за градежништво, туризам, угостителство и гастрономија МРТ-ЦОНСУЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Требиште, Маврово и Ростуше
26. Друштво за трговија и услуги КАРАЕВ ДООЕЛ Скопје

27. Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО Скопје
28. Друштво за угостителство, производство, трговија и услуги ЖУТО КОМБЕ – ПИВНИЦА ДОО Скопје
29. Друштво за производство и промет БЕЈКИНГ БРЕАД ТОБАККО 2 ДОО Скопје

## 7. Процедури за проверка на независноста и Изјава за независното работење на Друштвото (Прилог 2)

Во Политиките за контрола на квалитет и управување со ризик на РСМ (RSM Quality Assurance and Risk Containment Policies), Глава 13 Етика и Независност (Ethics and Independence) од сите партнери и персонал се бара да се раководат од Политиките за етика и независност на РСМ (RSM Ethics and Independence Policies). Политиката на друштвото за независност бара од членовите на работниот тим да ги исполнуваат овие прописи за сите ангажмани на уверување и издадените извештаи.

Согласно Политиките за етика и независност на РСМ (RSM Ethics and Independence Policies), Точка 3.7 Годишна потврда за согласност со политики (Annual Confirmation of Compliance with these policies) сите партнери и персонал се должни да доставаат писмена потврда еднаш годишно дека ги разбираат и работат во согласност политиките за независност на друштвото.

Секој партнер и персонал назначен да работи на ангажман за уверување мора да му потврди на партнерот на ангажманот дека тие се независни од клиентот и ангажманот, или да го известат за која било закана или потенцијална закана за независноста со што ќе се овозможи примена на заштитни мерки.

## 8. Изјава за политиката на Друштвото за КПУ на овластените ревизори и останатите вработени (Прилог 3)

Овластените ревизори вработени во Друштвото се редовни посетители на КПУ организирано од ИОРРСМ. Истите ги почитуваат и остваруваат со закон поставените барања за КПУ. Во рамките на Друштвото согласно годишниот план за интерна едукација се организира континуирана едукација за сите вработени. Друштвото во целост ја применува политиката за континуирана професионална едукација на мрежата на ревизорски друштва РСМ (RSM Assurance Services Training and Continuing Professional Development Policies Version 2025.1), според која се спроведува интерна едукација на вработените во Друштвото.

## 9. Финансиски информации

Остварени приходи:

| | 2025 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| **ВИД НА ПРИХОД** | **ИЗНОС** | **%** | **ИЗНОС** | **%** |
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 23.770.217,00 | 34,71% | 21.155.814,00 | 33,46% |
| Ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверки на историски финансиски информации | 0,00 | 0,00% | 0,00 | 0,00% |
| Поврзани услуги | 616.411,00 | 0,90% | 2.725.766,00 | 4,31% |
| Даночни советодавни услуги | 42.885.381,00 | 62,62% | 37.839.059,00 | 59,84% |
| Процена и вештачење | 660.625,00 | 0,96% | 95.100,00 | 0,15% |
| Субвенции, камати, отпис и др. | 557.308,00 | 0,81% | 1.414.770,00 | 2,24% |
| **ВКУПНО** | **68.489.942,00** | **100,00%** | **63.230.509,00** | **100,00%** |

## 10. Хонорар на овластен ревизор

Основа за утврдување на хонорарот на овластениот ревизор претставуваат потрошените часови на ревизорскиот ангажман.

Извештајот е подготвен во согласност со член 35 од Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021).

Скопје, 31.03.2026 година

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Управител

Јаглика Јорданова Андријеска

RSM

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

## Прилог 1

### Изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на функционирањето на систем на контрола на квалитет

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните ревизорски стандарди, Друштвото во своето работење доследно се придржува кон постапките за контрола на квалитет на ревизорските ангажмани, со цел овозможување на поефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во Друштвото.

Скопје, 31.03.2026 година

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Управител
Јаглика Јорданова Андриеска

RSM
Друштво за ревизија РСМ
МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

## Прилог 2

### Изјава за независно работење

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните ревизорски стандарди, во Друштвото постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста. Во 2025 година вработените во Друштвото, како и неговите надворешни соработници, потпишаа изјави за независност, со што се потврдува спроведување на претходно наведените интерни процедури.

Скопје, 31.03.2026 година

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Управител
Јаглика Јорданова Андријеска

RSM
Друштво за ревизија РСМ
МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

## Прилог 3

### Изјава за политиката на КПУ

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните ревизорски стандарди, во друштвото се спроведува политика на КПУ на овластените ревизори и останатите вработени.

Во 2025 година овластените ревизори ги остварија потребните часови на КПУ организирано од ИОРРСМ, и тоа:

- Вработени овластени ревизори

  Јаглика Јорданова Андријеска - 42 часа

  Љубица Евтимовска Костовска- 42 часа

Во рамките на Друштвото во 2025 година за вработените беа спроведени интерни и екстерни едукации, на кои беа остварени вкупно 2.526 часа континуирана едукација. За едукацијата изготвен е план и се води евиденција. Дел од вработените присуствуваа и на меѓународни симпозиуми и настани во организација на мрежата на ревизорски друштва РСМ (RSM International).

Скопје, 31.03.2026 година

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Управител
Јаглика Јорданова Андријеска

RSM
Друштво за ревизија РСМ
МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**
ASSURANCE | TAX | CONSULTING

RSM

**RSM MAKEDONIJA DOOEL Skopje**
"Dame Gruev" street, no. 8, Dom na voeni invalidi, 5th floor
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
**T** 38923233301
rsm.mk

RSM MACEDONIA DOOEL Skopje is a member of the RSM network and trades as RSM. RSM is the trading name used by the members of the RSM network. Each member of the RSM network is an independent accounting and consulting firm, each of which practices in its own right. The RSM network is not itself a separate legal entity of any description in any jurisdiction.
The RSM network is administered by RSM International Limited, a company registered in England and Wales (company number 4040598) whose registered office is at 200 Aldersgate Street, Upper Ground Floor South, London, EC1A 4HD. The brand and trademark RSM and other intellectual property rights used by members of the network are owned by RSM International Association, an association governed by article 60 et seq of the Civil Code of Switzerland whose seat is in Zug.

© RSM International Association, 2026